РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2434/7
07-02-2024
(2023)

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-та седница, прво продолжение, одржана на ден 30.01.2024 година донесе

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот бр. 09-2434/1 од 05.05.2023 година, оформен по сопствена иницијатива против лицето ________________, управител на Друштвото за производство на топлинска енергија ______________, во државна сопственост, со ограничен мандат заклучно со 30.04.2023 година и управител на Друштво за ограничена одговорност основано од едно лице ____________________ во државна сопственост, со ограничен мандат заклучно со 30.04.2023 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Лицето _____________ прекршил одредби од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, по што истото беше констатирано на записник и беше понудена постапка за порамнување со издаден прекршочен платен налог. Од страна на лицето беше извршена уплата на глобата во законски предвидениот рок и исто така постапил по барањето на ДКСК и се откажа од извршување на функцијата управител на Друштво за ограничена одговорност основано од едно лице ________________ во државна сопственост, со ограничен мандат заклучно со 30.04.2023 година, поради што ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување.

Оваа одлука во деперсонализирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 09-2434/1 од 05.05.2023 е оформен по сопствена иницијатива, согласно член 17 став 1 точка 10 и 12 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, според кој Државната комисија ја евидентира и следи имотната состојба и интересите и врши проверка на податоците од поднесените изјави за имотна состојба и интереси.

Имено, ДКСК направи увид во поднесените обрасци Изјави за интереси доставени од страна на наведеното лице со бр. 09-9412/1 од 22.08.2022 година и Изјава за интереси бр. 09-9418/1 од 10.11.2022 година како и во Централниот регистар на РСМ, по што утврди дека наведеното лице, покрај тоа што ја извршувал функцијата управител на Друштвото за производство на топлинска енергија _____________________, во државна сопственост, со ограничен мандат заклучно со 30.04.2023 година и управител на Друштво за ограничена одговорност основано од едно лице _________________________ во државна сопственост, со ограничен мандат заклучно со 30.04.2023 година спротивно од член 44 став 5 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 105 став 1 алинеја 2 од истиот закон.

ДКСК до именуваниот достави Записник за констатиран прекршок и Прекршочен платен налог со кое укажа дека е потребно во рок од 8 дена од денот на приемот на Записник за констатиран

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

прекршок и Прекршочен платен налог и да го отстрани прекршокот, со тоа што ќе се откаже од извршување на функцијата управител на Друштвото за производство на топлинска енергија ____________________, во државна сопственост или управител на Друштво за ограничена одговорност основано од едно лице ____________________ во државна сопственост.

Во законски предвидениот рок, ________________ постапи по барањето на ДКСК и се откажа од извршување на функцијата управител на Друштво за ограничена одговорност основано од едно лице ____________________ во државна сопственост, каде доставил прилог за иститие.

Во врска со понудената постапка за порамнување, именуваниот во законски определениот рок до ДКСК достави доказ уплатница за платена глоба по издаден прекршочен платен налог.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклуок од седница на ДКСК,
Изработил: Б.Ц, - советник
Контролирал: К.З-раководител
Одобрил: Г.Т- член на ДКСК